| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | КД Енвиро Ресурси ДОО Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Јасер Чајали дипл.инж.арх |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | 078/382-550 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-производство на енергија од обновливи извори, Г3.7 – биогасна централа од 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец, се изработува врз основа на член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/2020) и член 60, точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Локацијата од проектниот опфат на урбанистичкиот проект до сега не била предмет на урбанизација. Издадени се Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y02322 од април 2022 година кои содржат општи и посебни услови, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози од Просторниот план како највисок стратешки, интегрален и долгорочен развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената како и уредувањето и користењето на просторот. Наведените Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y02322 од април 2022 година се однесуваат на 5.85 ха, додека за останатиот дел од проектниот опфат издадени се Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Р'жаничино. Издадените услови за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – енергетика. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Проектниот опфат зафаќа површина од 6,4480ха. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

| |
|---|
| Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3 - производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-биогасна централа од 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец, треба да овозможи урбанизација на локацијата преку рационално уредување и употреба на земјиштето и формирање на една градежна парцела во согласност со поставките и насоките од Просторниот план на Република Македонија, односно реализација на функционална целина преку определување на оптимални параметри за изградба во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Потребно е да се овозможи реализација на градби за производство на електрична енергија со инсталирана сила во рамки на определената за прва категорија на градби во согласност со<br>Законот за градење, односно 3 MW. Покрај наведеното урбанистичкиот проект треба да овозможи избор на можности за реализација на компатибилни и останати комплементарни намени во функција на основната класа на намена, исто така во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2023 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| 10 години. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Проектниот опфат зафаќа површина од 6,4480ха и е лоциран во скопскиот регион. Административно влегува во границите на Општина Петровец и претставува во мал дел изградено земјиште, односно во поголем дел земјиште со катастраски култури ниви. Го карактеризира добра сообраќајна поврзаност со мрежата на државни патишта на Република Северна Македонија. До проектниот опфат се пристапува преку регионалниот пат Р 1102 (Скопје–Катланово). Проектниот офат е во непосредна близина на селото Р'жаничино, односно се наоѓа југоисточно од него, а ги двои Р'жаничанскиот канал за наводнување. Во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), границите на проектниот опфат се совпаѓаат со следните катастарски парцели и природни и создадени зададености на теренот:<br>На северозапад границата се совпаѓа со оската на локалниот пат, па продолжува со мало искосување и скршнување во правец југоисток низ КП 675/1 околу 300м по што скршнува кон североисток под прав агол во должина од околу 75м. Од оваа точка повторно скршнува под прав агол кон југоисток, ја сече КП 661/1, продолжува уште 80м во истиот правец, паралелно со КП 890 низ КП 675/2 по што скршнува под прав агол кон североисток во должина од околу 155м. Од оваа точка повторно под прав агол скршнува кон северозапад низ КП 675/2 се до КП 675/1, во истиот правец ја сече КП 675/1 и со неколкумпомали прекршувања завршува до почетната точка, односно до осовината на Општинскиот пат и до постојниот Р'жаничански канал за наводнување. |







**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

<table>
<tr><td colspan="2">Да √<br>Не</td></tr>
<tr><td colspan="2">Дали е приложена копија од целите?</td></tr>
<tr><td colspan="2">Да ☐<br>Не √</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>На територијата на Општина Петровец егзистираат 17 (седумнаесет) населени рурални места, кои според местоположбата се распределени во три рурални центри:<ul><li>Петровец - седиште на Локалната самоуправа, во кое се опфатени селата Ражаничино, Огњанци, Ќојлија и Чифлик;</li><li>Катланово во кое се опфатени селата: Брезица, Градманци, Летевци, Бадар, Блаце и Кожле.</li><li>Средно Коњари во кое се опфатени селата: Долно Коњари, Горно Коњари, Сушица и Дивење.</li></ul>Во Општина Петровец од 17 опфатени населени места, егзистираат десет изразито не развиени села: Бадар, Блаце, Брезица, Градманци, Кожле, Летевци, Горно Коњари, Средно Коњари, Долно Коњари, Сушица и Дивље.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Петровец на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 8255 жители, од кои 33.4% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во неопосредна близина на предметната документација се наоѓа во близина на заштитено природно наследство КАТЛАНОВСКО БЛАТО ОРЖВ (Одделни растителни и животински видови-заштитен).<br>КАТЛАНОВСКО БЛАТО ОРЖВ (Одделни растителни и животински видови-заштитен)<br>Ихтиолошко-орнитолошки резерват во близина на Скопје со површина од 70 ha, остаток од некогашното Скопско неогено езеро. До 1968 година претставуваше единствено природно мрестилиште на крапот и други слатководни видови риби од реката Вардар. Исто така тоа беше главно одморалиште на голем број птици од и кон Европа по Моравсковардарскиот правец на миграција. Научно-истражувачки зоолошки објект и студиско-демонстративен. Со извршените мелиоративни зафати во 1965 година нарушена е автентичноста на објектот, со што е изгубена неговата улога како важно водно живеалиште. Автентичноста на просторот на резерватот нарушена е и со изграденот рибник во поново време како и со присуството на ограден простор со жица за потреби на објектот-паткарник. Потребно е да се преземат мерки за ревитализација на просторот. Меѓународен статус според Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN): IV категорија и режим на заштита: 7. |

| | |
|---|---|
| | Предметниот простор се наоѓа во подрачје Катланово-Таор кое е предложено за заштита како Емералд Подрачје.<br>Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитети:<br>Археолошки локалитет Пали воденица-Шамак (Тумба), Р`жаничино, неолит и римски период. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Проектниот опфат во границите опишани погоре во најголем дел претставува земјоделско земјиште со катастарска култура ниви, единствено во североисточиот дел евидентирани се помошни објекти во земјоделието, дел од комплекс на објекти во функција на поранешна фарма. Истите се приземни и се наоѓаат во лоша состојба. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**
Со Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.
Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**
Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**
Планските содржини со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за развој во општина Петровец, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.
Но, од аспект на животната средина може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:
Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите; Со работа на биогасната централа се намалува влијанието на миризбата, поради одвивање на процесот на разградување (ферментација на органските материи во ѓубрето) во затворен систем и со контролиран процес. Влијание на миризбата може да се јави само во посебни инцидентни случаи/ситуации (пожар, хаварија при работа на постројката и сл.).
Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности;
Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води; При пуштањето во функција и редовната работа на биогасната централа за намалувањето или спречувањето на влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води од привременото одлагање на ѓубривото, потребно е да се предвиди негово депонирање во заштитени услови. Тоа значи депонирање врз непропусна подлога и заштитено од влијание на атмосферските падавини (дожд и снег), при што не може да дојде до истекување и понирање во почвата. Исто така, потребно е да се изведат сепаратни канали за одвод на санитарните отпадни и атмосферските води. Пред испуштање на водите во крајниот реципиентот треба да се врши нивно пречистување.
Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата; Доколку е потребно привременото одлагање на ѓубривото, истото треба да биде направено во заштитени услови, без можност врз него да влијаат атмосферските падавини и да се случи понирање на води во почвата и подземните води.
Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;
Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;
Отпад: генерирање на отпад.
Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:
- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.
Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
За Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, Ко Р`жаничино, општина Петровец се изработени Услови за планирање на просторот.
Овој план е поврзан со следниве документи:

- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

Целите на сите наведени плански документи се усогласени со целите и содржините на планот и нема разлика во клучните одлуки.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Нема спроведено претходна оценка.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната

| | | |
|---|---|---|
| средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Овој проект спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина, точка V ЕНЕРГЕТИКА, потточка (5) Електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветер, биомаса, биогас, геотермална и др.) со моќност до 200 MW. | | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** | |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер<br>Благој Бочварски** | |
| **Бр.** 47-1078/5<br>**Датум** 28.02.2023 **год.**<br>**Место Скопје** | М.П. | |